Бр./Nr 12-8558/2
15-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-8558/1 од 04.10.2022 година, а која се однесува против раководното лице на Градинка во Неготино како и против раководното лице на Основно Училиште ,,Гоце Делчев,, Неготино, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност како и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-8558/1 од 04.10.2022 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.10.2022 година, поднесена е пријава против против раководното лице на Градинка во Неготино како и против раководното лице на Основно Училиште ,,Гоце Делчев,, Неготино, и оформен е предмет број 12-8558/1 од 04.10.2022 година.

*Во пријавата подносителот наведува дека раководното лице на градинката во Неготино им дал на родителите уплатници за уплата на средства на книжара на која наводно управител е раководното лице на Основното училиште ,,Гоце Делчев,, Неготино, за намена материјали за работа.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот/пријавата, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност како и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.С
Одобрил: Г.Т Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk